20957в

НОВА МАКЕДОНИЈА ● САБОТА, 2 ЈУНИ 1973 ГОДИНА

РАЗГОВОРИ НА ИЗЛОЖБА

# ДАДА: МЕ ИНСПИРИРА ТУТУНОТ

**● ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА НА СКОПСКАТА ЛИКОВНА ЈАВНОСТ ПО ТРЕТ ПАТ САМОСТОЈНО И СЕ ПРЕТСТАВУВА ВАЈАРОТ ДРАГАН ПОПОСКИ — ДАДА**

Дада повторно ја вознемири скопската ликовна јавност: неговите 24 скулптури работени во мермер поаѓаат од еден единствен елемент како инспирација: тутунот.

— Зошто токму тутунот? го прашуваме познатиот скулптор.

**— Затоа што сум израснал со него, долги години сум го работел, вели. Освен тоа ме интересира како можност преку него да се изразат и некои посебни сфаќања на уметноста, на вајарството особено.**

— Порано работевте во дрво, сега наеднаш во мермер. Има ли некоја причина за тоа?

**— Мермерот е вонредно благороден материјал. Тој пружа можност од него да се извлечат чисти вајарски форми. Малку е проблематичен околу транспортирањето и затоа треба да се работи во мали форми. Штета. Тој како материјал е дотолку поинтересен што делата изработени во него можат да се излагаат и во екстериер и во ентериер. А работам во мермер и затоа што сум од Прилеп и што таму се наоѓа најубавиот мермер кај нас.**

— Да се вратиме повторно на тутунот: тој е повод или конкретна инспирација?

**— За разлика од порано кога моите скулптури имаа пореалистичен третман, овој пат тутунот ми е само повод за создавање напластени композиции, кои ќе асоцираат на тие реденки и плетеници од „жолтото злато". Мошне далечен повод.**

— Уште едно прашање: сеуште немате ателје?

**— Ми понудија ателје, тоа треба да се признае. Но сликарско — дури на петти или шести кат. А јас сум вајар. Сега работам во дворимштето на Заводот за станбена изградба. Им благодарам на тоа што најдоа разбирање за мојата работа. Инаку ќе бев на улица. Сега слушам гласови дека некои се бунат — им пречела правта од скулптурите. Навистина не ќе знам кај ќе одам ако се усвои барањето на тие неколкумина.**

Изложбата на Дада во Уметничката галерија требаше да заврши денес. Продолжена е за неколку дена. И тоа е добро: повеќемина ќе можат да ги видат овие 24 скулптури и десетината цртежи на тема: тутун.

**Ј. М. П.**



Мермерот е благороден материјал: Драган Попоски-Дада